# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2026 ГОДИНА



Март 2026

# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНАСВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2026 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

Зошто граѓански буџет? ____ 3

Основни поими____ 4

КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА?____ 5

ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ? ____ 6

ЗОШТО Е ВАЖНА БУЏЕТСКТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ? ____ 6

ЗОШТО ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ПОДГОТОВКАТА НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ?____ 6

КОЈА Е УЛОГАТА НА БУЏЕТСКИТЕ КЛАСИФИКАЦИИ - КАКО СЕ ЧИТА БУЏЕТОТ? 6

КОИ СЕ БУЏЕТСКИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРА НАШАТА ОПШТИНА?_ 8

КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? ____ 10

КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ? ____ 11

КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА?____ 12

ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД____ 14

НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ____ 15

КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ -ДОТАЦИИТЕ? 16

КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ? ____ 19

КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ? ____ 21

ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНА ____ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ ____ 36

КЛУЧНИ РАЗВОЈНИ ПРОЕКТИ ОД ИНТЕРЕС НА ОПШТИНАТА? **Error! Bookmark not defined.**

КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ? ____ 37

КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ? ____ 41

Кои се клучните Буџетски принципи и начела кои се основа на општинскиот буџет 42

# ЗОШТО ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ?

- ✓ Информирање на граѓаните за тоа како се собираат општинските приходи и како се трошат општинските средства.
- ✓ Едукација на граѓаните за клучните термини, принципи и начелаповрзани со општинскиот буџет и локалните финансии.
- ✓ Зголемување на свесноста на граѓаните за нивната улога во буџетскиот процес на локално ниво.
- ✓ Поттикнување на поголема активност и учество на граѓаните во процесите на планирање и реализација на општинскиот буџет.
- ✓ Запознавање на граѓаните со донесениот БУЏЕТ ЗА 2025 год. и неговите основни карактеристики - структура – кои се и колкави се општинските приходи и каде општината планира да ги потроши јавнте ресурси.

# ОСНОВНИ ПОИМИ

**БУЏЕТ** е акт на општината со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на општината.

**ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ** во буџетот се даноцитие и други задолжителни плаќања, кои се утврдени со закон, приливите што произлегува од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надомест за дадени добра или услуги, подароци, донации, спонзорства, субвенции и трансфери.

**РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА** ги сочинуваат вкупните издатоци кои се плаќаат од страна на општинската каса, поделени по одделни надлежности.

**ОПШТИНСКИ БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ** се органите на општината и јавните служби основани од општината (училишта, детски градинки,домови на култура ,народни музеи ,јавни претпријатија итн.).

**БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

**ОСНОВЕН БУЏЕТ** на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на општината.

**СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ** на општината се локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон.

**ДОТАЦИЈА** е трансфер од Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината.

**БЛОК-ДОТАЦИЈА** е дотација наменета за финансирање на надлежностите во определена област утврдена со закон – образование , култура, социјална заштита.

**НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА** е дотација наменета за финансирање на конкретна активност (на пр. пожарникарство).

**БУЏЕТСКИ ДЕФИЦИТ** е негативна разлика (Буџетски суфицит е позитивна разлика) меѓу

**БУЏЕТСКО САЛДО** е разлика помеѓу сите приходи и расходи на буџетот;

**ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ** е обезбедување финансиски средства од домашни и странски извори на капитал во рамките и под услови утврдени со закон;
**ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** претставува отвореност кон јавноста за минатите, сегашните и идните фискални активности на општината , како и за реализираните и планираните активности, проекти кои ги детерминираат фискалните политики и исходи;

**ПАРТИЦИПАЦИЈА** во склоп на управувањето се однесува на вклучување на засегнатите страни (граѓаните, бизнисите, ранливите категории итн.) во процесот на донесување одлуки (во различни нивоа на одлучување) за тоа како економските и социјалните ресурси се алоцирани, испорачани, употребени и одржувани;

**ОТЧЕТНОСТА** подразбира одговорност да се објаснат одлуките и мерките пред јавноста, граѓаните, заедницата во склоп на очекувањата што ги има таа. Подразбира детални информации за тоа како се реализирани преземените обврски и дали и кои резултати се остварени
**ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ** е прикажување на буџетот на едноставен начин, разбирлив за граѓаните кои има за цел да ги информира граѓаните како за активностите на кои се трошат општинските средства.

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН** е план на приливи и одливи на буџетскиот корисник за одредена буџетска година.

**ОБВРСКА** на општината е проценета обврска, преземена обврска, настаната обврска за плаќање и доспеана а неплатена обврска.

**ПРОГРАМА** е потесна област во рамки на политиката, која ги следи заедничките специфични среднорочни цели. Една програма може да има една или повеќе потпрограми.Потпрограма е подетално разработен дел од програма со краткорочни до среднорочни цели и се состои од проекти и /или активности.

| | |
|---|---|
| **планираните, односно наплатените приходи на општината и одобрените средства, односно расходи кои ги прави општината, и тој се финансира со обезбедени средства од други приливи.** | **ЛИКВИДНОСТ е способност за навремено плаќање на обврските во договорениот рок.**<br><br>**ПРЕНАМЕНА НА БУЏЕТ е одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на општината во рамки на одобрените буџети.** |

## КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА?

-Урбанистичко (урбано и рурално) планирање

-Заштита на животната средина и природата

Локален економски развој

-Комунални дејности

Култура

-Спорт и рекреација

Социјална заштита и заштита на децата

-Образование

-Здравствена заштита

-Заштита и спасување

-Противпожарна заштита

-Надзор над вршењето на работи од нејзина надлежност

Други надлежности определени со закон.

## ШТО ЕОПШТИНСКИ БУЏЕТИ ОД ШТО СЕ СОСТОИ?

**Буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува** годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Буџетот на локалната самоуправа ги демонстрира вредностите и приоритетите на локалната самоуправа. Буџетирањето и техниките на финансиското планирање се клучни елементи во одржувањето на фискалниот интегритет на локалната самоуправа.

## ЗОШТО Е ВАЖНА БУЏЕТСКАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?

Транспарентноста во општинското буџетирање е од **голема значајност за фискална стабилност, економски раст и демократијата** (даночните обврзници, граѓаните и општеството во целина). Транспарентноста и **споделувањето информации е клучна за учеството на различните социјални групи** во донесувањето на одлуки/буџетскиот процес. **Доколку широката јавност има доверба во трошењето на јавните финансии, ќе бидат и помотивирани да ги плаќаат даноците и таксите, што повторно позитивно ќе се одрази и на буџетот на локалната самоуправа.** Дополнително, **зголемената транспарентност води кон намалена корупција и подобра распределба на ресурси**. **Транспарентноста на локално ниво ги следи финансиските текови од изворот до местото на нивно користење**, дава одговор на последователни прашања за извршувањето, имплементирањето и набавката.

## ЗОШТО ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ПОДГОТОВКАТА НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ?

**Граѓаните имаат дефинирани права и одговорности, вклучувајќи го и правото на учество во одлуките што влијаат на јавната благосостојба. Оттаму, граѓанското учество во механизмите на креирање и реализирање на буџетот треба да биде транспарентно и отворено. Граѓаните треба да се непосредно вклучени во одлуките како да се распредели и потроши буџетот на општините. Учеството на граѓаните во процесите на буџетирањето им дава прилика да ги посочат вистинските потреби и проблеми во заедницата и да бидат креативни. Исто така, директната партиципација им овозможува на граѓаните да учествуваат во надзорот на буџетските трошоци заедно со другите засегнати страни.**

**Буџетските класификации** се користат за идентификување на специфичните намени на буџетските средства, за контрола на наменското користење на одобрените средства и за изготвување на потребните анализи, извештаи и на годишната сметка.

1. **Организациска класификација** ги класифицира буџетските корисници во хиерархиска организациска структура на поврзани и заемно координирани субјекти за да се утврдат надлежностите на субјектите за планирање и управување со јавните средства и вработените, заради постигнување на зацртаните цели.

2. **Функционалната класификација** ги класифицира расходите и другите одливи на буџетот според нивните функционални општи и конкретни цели за кои се наменети, согласно со прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации.

| | |
|---|---|
| 701 Општи јавни служби | **706 Живеалишта и развој на заедницата** |
| 703 Јавен ред и мир | 708 Рекреација, спорт и култура |
| 704 Економски работи | 709 Образование |
| 705 Заштита на животната средина | 710 Социјална заштита |

3. **Програмската класификација** опфаќа поделба на буџетот на политики, програми, потпрограми и проекти или активности дефинирани со планските документи, истовремено групирајќи ги заедно сите јавни услуги и активности со заедничка цел и исход низ организациската структура.

| | |
|---|---|
| **А – Совет на општина** | **М – Програми за развој** |
| **Д – Градоначалник** | **Н – Образование** |
| **Е – Општинска администрација** | **Р – Заштита на животна средина и природа** |
| **Ф – Урбано планирање** | **Т – Унапредување на здравствена заштита** |
| **Г – Локален економски развој** | **В – Социјална заштита и заштита на деца** |
| **Ј – Комунални дејности** | **Њ – Противпожарна заштита** |
| **К – Култура** | **Љ – Заштита и спасување** |
| **Л – Спорт и рекреација** | **Џ – Родово буџетирање** |

4. Класификацијата по **извори на финансирање** ги класифицира приходите и другите приливи во групи во однос на конкретните видови и намени на расходите и на другите одливи кои вклучуваат: *основен буџет на општините, донации, кредити, самофинансирачки активности* и *дотации*.

5. **Економската класификација** ги класифицира приходите и другите приливи согласно нивната природа, и расходите и другите одливи согласно нивната економска намена во класи, групи, подгрупи, раздели и основни конта.

## Приходи

- Даночни приходи
- Неданочни приходи
- Капитални приходи
- Трансфери и донации
- Задолжување во земјата
- Задолжување во странство

## Расходи

- Плати и надоместоци
- Резерви и недефинирани расходи
- Стоки и услуги
- Камати
- Субвенции и трансфери
- Социјални бенефиции
- Капитални расходи
- Отплата на главнина

## КОИ СЕ БУЏЕТСКИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРА НАШАТА ОПШТИНА?

### БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР за 2026година на ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНСТ |
|---|---|---|
| 1-30 Септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите Сл.в. 64/2004 Чл. 21<br>Закон за финансирање на ЕЛС (“Сл.весникнаР.Македонија” 61/04,96/04,67/07,156/09,47/11,192/15,209/18 и( “Сл.весникна Р.Северна Македонија бр.244/19,53/21,77/21 и 150/21),согласно чл. 27 став 1 и 2 . |
| 1-5 октомври | Градоначалникот и Секторот за финансии и буџет се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година.Се прави анализа на финасискиот капацитет на општината –проценка на сопствените приходи и капацитети .Се прави комуникација со клучните сектори во општината (даночно одделение,урбанизам,ЛЕР,финансии ,комунални работи се со цел да се утврдат нивните фискални потреби (буџетски трошења)и со тоа да се определат целите/приоритетите/активностите на секој од општинските сектори. | Градоначалник<br><br>Сектор за финнсирање и буџет<br>Сектор за урбанизам<br>Сектор за општи и правни работи |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до секторите и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Сектор за финансирање и буџет |
| 10-25 октомври | Се организираат буџетски форуми со граѓаните и со засегнати страни.Бројот на форумските сесии обично ќе биде (2-3)во согласност со специфичноста и приоритетите на општината . | Градоначалник<br>Раководители на сектори |

| | | |
|---|---|---|
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Секторот за финансирање и буџет од останатите Сектори и буџетски корисници. | Раководители на сектори<br><br>Буџетски корисници |
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>д.Се изготвуваат развојните програми на Буџетот на општината | Сектор за финансирање и буџет |
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Секторот за финансирање и буџет. | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања. | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20-25 декември | 1.Се води јавна расправа со НВО секторот , граѓаните и сите заинтересирани странки со сугестии, предлози кои ги доставуваат по електронски или по пат на амадмани<br>2. Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет и градоначалник |
| 25-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС Член 28 став 2. | Совет на Општината |
| **1 јануари** | **Започнува новата буџетска година** | |

**0801 – 104**

**26.12.2025**

**Свети Николе**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Претседател,**

___________________________

**Оливера Арсов**

# КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

Ефикасното обезбедување и собирање на општинските приходи се основа за обезбедувањето на потребните јавни добра и услуги на граѓаните на општината. Оттука во продолжение се претставени (нивната висина, процент на учество) основниот буџет на општината и дополнителните главни "потоци" на приливи во општинскиот буџет – сопствени приходи, дотации – централна власт, донации, задолжување итн.

**Во 2026 година вкупните приходи на општина Свети Николе се проектирани на 627.836.680 денари. Во структурата на приходите преовладуваат Дотациите од централната власт кои во 2026 година е предвидено да изнесуваат 286.207.829 денари, односно 45,5% од вкупните приходи на општината. Исто така, приходите од основниот буџет на општината во 2026 година ќе изнесуваат 301.496.466 денари, односно во структурата на вкупните приходи ќе изнесуваат 48%.**

**Табела 1. Приходи на општината (во денари и структура во %)**

| Приходна сметка | Износ | Структура |
|---|---|---|
| **Основен буџет на општините** | 301.496.466 | 48 |
| **Донации** | 22.475.385 | 3 |
| **Кредити** | - | 0 |
| **Самофинансирачки активности** | 17.657.000 | 3 |
| **Дотации** | 286.207.829 | 46 |
| **Вкупни приходи** | 627.836.680 | 100 |

**Графикон 1. Структура на општинските приходи по видови сметки (во %)**



# КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

Во продолжение си прикажани клучните извори на приходи кои општината планира да ги обезбеди во 2026 година. Највисок износ на приходи ќе се обезбедат од по основ на **Трансфери и донации** кои е планирано да изнесуваат 496 милиони денари, односно да зафаќаат околу 79% од вкупните приходи на општина Свети Николе. Исто така, **Даночните приходи** достигнуваат износ од 68 милиони денари, односно 11% од вкупните проектирани приходи во 2026 година. Неданочните приходи се проектирани на износ од 23 милиони денари, односно треба да изнесуваат 4% од вкупните приходи на општина Свети Николе во 2026 година. Капиталните приходи во 2026 година треба да достигнат вредност од 41 милиони денари, односно 6% од вкупните приходи на општината.

**Табела 2. Клучни приходи на општината согласно економската класификација (износ во милиони денари и структура во %)**

| Видови на приход | Износ | Структура |
|---|---|---|
| **Даночни приходи** | 68 | 11 |
| **Неданочни приходи** | 23 | 4 |
| **Капитални приходи** | 41 | 7 |
| **Трансфери и донации** | 496 | 79 |
| **Домашно задолжување** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 628 | 100 |

**Графикон 2.** Структура на приходи на општина според економската класификација (во %)




## КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА?

Даночните приходи се основен и најзначаен дел од сопствените приходи на општината, оттука во продолжение Ви претставуваме колкави износи на даночни приходи планира да собере општината во следната година. Исто така е претставена структурата која покажува кои даночни приходи е планирано да имаат најголем удел во општинските приходи.

Во однос на клучните даночни приходи на општина Свети Николе, може да се потенцира дека највисок износ на даночни приходи ќе се прибере по основ на **Надоместок за уредување на градежно земјиште 18 милиони денари**, односно 27% од вкупните даночни приходи .По основ Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување  17 милиони денари, односно 25% од вкупните даночни приходи. Во вкупните даночни приходи на општина Свети Николе во 2026 година значајно учество ќе имаат и приходите по основ на Данок на промет на недвижности кои ќе изнесуваат 9,5 милиони денари, односно ќе зафаќаат околу 14% од вкупните даночни приходи на општината за 2026 година.

Табела 3. Клучни даночни приходи на општината (износ во милиони денари и структура во %)

| Видови даночни приходи | Износ | Структура |
|---|---|---|
| **Надоместок за уредување на градежно земјиште** | 18 | 26 |
| **Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление** | 17 | 25 |
| **Данок на промет на недвижности** | 10 | 15 |
| **Данок на имот од физички лица** | 6 | 9 |
| **Данок на имот од правни лица** | 3 | 4 |
| **Персонален данок на доход** | 8 | 12 |
| **Други видови на комунални такси** | 5 | 7 |
| **Данок на наследство и подарок** | 1 | 1 |

Сумирано, во 2026 година најмногу **даночни приходи** општината планира да обезбеди од Надоместок за уредување на градежно земјиште и Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување , додека најмало учество во даночните приходи зафаќа данокот на наследство и подарок.

Графикон 3. Даночни приходи на општина Свети Николе (во милиони денари)






## ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ -ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД

**Даноците на имот** се еден од најважните сопствени извори на приходи на општината. Планираната структура за 2026 година на посебните видови на Даноци на имот е прикажана во продолжение.

Највисока пропорција на приходи зафаќа Данокот на промет на недвижности и права со 50% учество во вкупната вредност од даноците на имот. Исто така, Данокот на имот се планира да достигне 45% од вкупните даноци на имот во општина Свети Николе во 2026 година. Приходите по основ на Данок на наследство и подарок е предвидено зафаќаат само 5% од вкупните даноци на имот.

**Табела 4. Видови даноци на имот на општина**

| Видови на данок на имот | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Данок на имот | 9 | 45 |
| Данок на наследство и подарок | 1 | 5 |
| Данок на промет на недвижности и права | 10 | 50 |
| Вкупно | 20 | 100 |

**Графикон 4. Структура на даноците на имот во вкупните приходи по основ данок на имот на општина Свети Николе по видови (во %)**




## НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

**Неданочните приходи** кои планира да ги собере општина Свети Николе во 2026 година се прикажани во продолжение. Најголем износ на неданочни приходи треба да бидат обезбедени од Такси и надоместоци во износ од 17 милиони денари односно зафаќаат 74% од вкупните неданочни приходи ,како и Останати неданочни приходи кои се планирани на износ од 4 милиони денари, односно треба да зафаќаат околу 17% од вкупните неданочни приходи, додека најниска пропорција се очекува кај приходите од Приходите од закупнина на општински имот и приходите по основ на Глоби, судски и административни такси.

**Табела 5. Видови неданочни приходи (износ во милиони денари и структура во %)**

| Вид на неданочни приходи | Износ | Структура |
|---|---|---|
| **Глоби, судски и административни такси** | 1 | 4 |
| **Такси и надоместоци** | 17 | 74 |
| **Приходи од закупнина на општински имот** | 1 | 4 |
| **Други владини услуги** | 0 | 0 |
| **Дополнителни неданочни приходи** | 4 | 17 |
| **Вкупно** | 23 | 100 |

**Графикон 5. Видови неданочни приходи (структура во %)**







## КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ - ДОТАЦИИТЕ?

Вредноста на главните видови на трансфери од централната власт е прикажана во продолжение. Највисок износ на трансфери е планиран за Блок дотации во износ од

286 милиони денари, додека пак, планираниот износ од трансферот од ДДВ изнесува 49 милиони денари, а за капитални трансфери е планиран износ од 87 милиони денари средства обезбедени преку доставени проекти на втор јавен оглас од Влада на РСМ и истите се одобрени со одлука на Влада на РСМ.Од донации се планирани приходи во износ од 22 милиони денари .Планиран пренесен вишок на приходи од претходната година е 47 милиони денари .

Табела 6. Видови на трансфери и донации

| Видови на трансфери и донации | Износ |
|---|---|
| Блок дотации | 286 |
| Дотации од ДДВ | 49 |
| Капитални трансфери од други нивоа на власт и донации | 160 |
| Вкупно | 495 |

**Графикон 6. Видови на трансфери и донации (во милиони денари)**




**Блок дотациите** за пренесени надлежности од централната власт се најзначајниот износ на трансфери кој го добива општината и со кој во значаен дел се финансираат пренесените надлежности за **образование**, **култура** и **социјална заштита**. Во продолжение е прикажана распределбата на овие Блок дотации по различни намени. **Најголем износ од блок дотациите**е наменет за пренесените надлежности во Основно образование кои се планирани на износ од 162.536.000 денари, односно зафаќаат 57% од вкупните Блок дотации. Блок дотациите за средно образование е предвидено да достигнат вредност од 52.648.000 денари, односно 18%, додека блок дотациите за

Детски градинки завземаат вредност од 42.679.890 денари, со што учествуваат со 15% во структурата на вкупните блок дотации на општина Свети Николе во 2026 година. Од друга страна, износот на блок дотациите за Противпожарна единица се забележува пораст  во износ од 10.000.000 денари, односно 3% од вкупните блок дотации за пренесесните надлежности од централната влас во 2026 година, блок дотациите за за култура изнесуваат 18.343.939 односно 6% од вкупните блок дотации.

**Табела 7. Намена на блок дотациите на општина по одделни надлежности (износ во денари и структура во %)**

| Намена на блок дотацијата | Износ | Структура |
|---|---|---|
| **К Култура** | 18.343.939,00 | 6 |
| **Н1 Основно образование** | 162.536.000,00 | 57 |
| **Н2 Средно образование** | 52.648.000,00 | 18 |
| **В1 Детски градинки** | 42.679.890,00 | 15 |
| **ЊО Противпожарна единица** | 10.000.000,00 | 3 |
| **Вкупно** | 286.207.829,00 | 100 |

**Графикон 7. Намена на блок дотациите во општина по одделни надлежности (во денари)**




Сумирано, најголемо учество во **структурата** на **блок дотациите** на општина Свети Николе имаат блок дотациите за пренесените надлежности во Основното и Средното образование како и во социјална заштита кои зафаќаат околу 90% од вкупните блок дотации на општината.

**Графикон 8. Структура на блок дотациите по надлежности во општина Свети Николе (во%)**




## КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ?

Особено е важно каде и како се трошат локалните ресурси. Локалните расходи се директно поврзани со обезбедувањето на потребните добра и услуги на граѓаните – затоа нивната структура и начин на распределба е осбено важно да бидат транспарентно преставени.  Во продолжение се преставени **клучните расходи на општината за 2026 година**.

Во наредниот период најголем износ на расходите се потрошат за плати и надоместоци на општинската администрација кои се проектирани на износ од 330 милиони денари, односно зафаќаат половина од вкупните расходи на општина Свети Николе во 2026 година. Понатаму, околу 112 милиони денари е планирано да изнесуваат расходите за стоки и услуги во 2026 година, односно да зафаќаат околу 18% од вкупните расходи на општина Свети Николе. **Капиталните расходи**, исто така се предвидени okolu 144 милиони или 23% од вкупните расходи кои општина Свети Николе ќе ги направи во 2026 година.
Од друга страна, најнизок износ на расходи од околу 7% од вкупните расходи општината издвојува за каматни плаќања и социјални бенефиции.

**Табела 9. Клучни расходи на општина Свети Николе, по економска класификација (во милиони денари и структура во %)**

| Расход на сметка | Износ | Структура |
|---|---|---|
| **Плати и надоместоци** | 330 | 53 |
| **Резерви и недефинирани расходи** | 1 | 0 |
| **Стоки и услуги** | 112 | 18 |
| **Тековни трансфери до ЕЛС** | 0 | 0 |
| **Каматни плаќања** | 3 | 0 |
| **Субвенции и трансфери** | 27 | 4 |
| **Социјални бенефиции** | 2 | 0 |
| **Капитални расходи** | 144 | 23 |
| **Отплата на главнина** | 9 | 1 |
| **Вкупно расходи** | 628 | 100 |

Во 2026 година капиталните расходи е предвидено да изнесуваат 144 милиони денари, односно да учествуваат со 23% во структурата на вкупните расходи. Најголем дел од капиталните расходи се планирани за реализирање на проекти за реконструкции на улици и делови од улиците" 29 –ти Ноември (од Велба до Шакич)", "Борис Трајковски (кај трансформаторот) ", "Борис Трајковски (кај Роберт) ",крак од улица" Крсте Мисирков", "крак од улица од "Питу Гули (од Елвис кафичот до зградата) ", "Тодор Александров ",крак од улица" Питу Гули", "Солунска(Сутјеска)", "Браќа Миладинови", "Септемвриска", "11-та Македонска бригада ( од 29 Ноеври до Карпошева) ",пристапни краци кај Сопотски пат и населба бараки,два крака на улица "Септемвриска", "Балканска",и улици во селата , Реконструкција на тротоари во градот со бехатон плочки .Исто така се планира во 2026 година да се реконструира и уреди речното корито на Горубинска река потег од улица Крсте Мисирков до улица Питу Гули во град Свети Николе.

Во 2026 година преку проекти со вториот повик кои се одобрени со одлука на Влада на РСМ и се обезбедени финасиски средства ќе се реконструират улиците дел од "11-та Македонска Бригада",улици во с. Мустафино, дел од улица "Скопска (од крстосница

со ул.29-ти Ноември до крстосница со улица  Младинска )“ , дел од улица “Скопска (од крстосница со ул.Младинска  до крстосница со улица  Скопска и од крстосница од ул. Скопска до крстосница со ул .Младинска  )“,“4-ти Јули“,“Ванчо Ангелов“,“ .Изградба на улица во “с. Ерџелија“ и улица “Петар Поп Арсов и улица Климент Охридски“. Обезбедени се средства за изградба на  секундарна водоводна мрежа на дел од УЗ 5 дел од блок 23 плански опфат 23.3 од ГУП за град Свети Николе  и за реконструкција и партерно уредување  на пешачки патеки во Нов Градскиот парк-Свети Николе.

**Графикон 9. Структура на расходи на општина Свети Николе по економска класификација (во %)**




## КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА  - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ?

Во продолжение се претставени клучните планирани намените на општинските средства по секоја од надлежностите – услугите кои треба да ги добијат граѓаните.

Највисок износ на расходите од општинската сметка се издвојува за образование кои треба да достигнат износ од 239 милиони денари во 2026 година, додека износ за заштита на животната средина изнесува 21 милиони и за Заштита и спасување(Противпожарна заштита) изнесува 20 милиони . Во вкупните расходи за одделните надлежности на општина Свети Николе, значајно учество завземаат расходите за комунални дејности кои се предвидени да изнесуваат 127 милиони денари во 2026 година, односно да зафаќаат околу 20% од вкупните расходи на Свети Николе.

**Табела 10. Вкупни расходи на општина Свети Николе по одделни надлежности (во милиони денари и структура во %)**

| Вкупни расходи на општините по одделни надлежности | Износ | Структура |
|---|---|---|
| А - Совет на општина | 6 | 1 |
| Д - Градоначалник | 17 | 3 |
| Е - Општинска администрација | 78 | 12 |
| Ф - Урбано планирање | 15 | 2 |
| Г - Локален економски развој | 5 | 1 |
| Ј - Комунални дејност | 127 | 20 |
| К - Култура | 24 | 4 |
| Л - Спорт и рекреација | 12 | 2 |
| М - Програми за развој | 0,5 | 0 |
| Н - Образование | 239 | 38 |
| Р - Заштита на животна средина | 21 | 3 |
| Т - Унапредување на здравствена заштита | 0 | 0 |
| В - Социјална заштита и заштита на деца | 63 | 10 |
| W - Противпожарна заштита | 20 | 3 |
| Q - Заштита и спасување | 0 | 0 |
| Х - Родова еднаквост | 0,5 | 0 |
| Вкупно | 628 | 100 |

## Графикон Д.6. Вкупни расходи на општините по одделни надлежности






**Расходите** кои се одделуваат за **општинската администрација** се во износ од 78 милиони денари односно околу 12% од вкупните расходи по оваа надлежност. Истите се наменети за оперативни трошоци, канцелариски материјали, одржување на опремата и средствата на општината и сл.

**Табела 10. Расходи по програми по надлежност - Општинска администрација(во милиони денари и структура во %)**

Табела 10. Расходи по програми на надлежност - Општинска администрација

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| ЕО - Општинска администрација | 75 | 96 |
| ЕА - Капитални трошоци на општината | 3 | 4 |
| Вкупно | 78 | 100 |




Вкупните расходи кои се наменети за работата на **Градоначалникот** изнесуваат 16 милиони денари и истите во себе вклучуваат плати и надоместоци на градоначалникот, трошоци кои се директно поврзани со работните активности на градоначалникот и сл.

**Графикон 11. Расходи по програми по надлежност на градоначалникот (во %)**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| D0 - Градоначалник | 16 | 94 |
| D1 - Месна самоуправа | 1 | 6 |
| Вкупно | 17 | 100 |




Во расходите за програмите по надлежност на урбанизам и урбанистичко планирање за Урбанистичко планирање се издвојува износ од – 5 милиони денари, односно 33% од вкупните расходи по оваа надлежност. Понатаму околу 2 милиони денари се наменети и за Уредување на градежно земјиште, додека 8 милиони денари се наменети за Уредување на градежно земјиште.

**Табела 12. Расходи по програми по надлежност - Урбанизам/урбанистичко планирање (износ во милиони денари и структура во %)**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| **F1 - Урбанстичко планирање** | 5 | 33,33333333 |
| **F2 - Уредување на ггрдежно земјиште** | 2 | 13,33333333 |
| **F3 - Уредување на простор во рурални подрачја** | 0 | 0 |
| **FA - Уредување на градежно земјиште** | 8 | 53,33333333 |
| **Вкупно** | 15 | 100 |




Расходите издвоени за **комунални услуги** во износ од 127 милиони денари, имаат за цел да ги помогнат активностите  како:Изградба и реконструкција на локални пратишта улици со што за оваа намена се планирани 81 милиони денари, односно 64% од вкупните расходи за Комунални услуги. Дел од расходите се наменети и за одржување на урбана опрема, Јавно осветлување, одржување јавна чистота и јавно зеленило,изградба на систем за водоснабдување и изградба на систем за одведување и прочистување на отпадни води и тн.

**Табела 13. Расходи по програми по надлежност - Комунални услуги (износ во милиони денари и структура во %)**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Одржување на урбана опрема | 0,5 | 0,39 |
| Снабдување со вода | 0 | 0,00 |
| Одведување и пречистување на отпадни води | 6 | 4,72 |
| Јавно осветлување | 8 | 6,30 |
| Јавна чистота | 8 | 6,30 |
| Одржување и заштита на локалните патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот | 2 | 1,57 |
| Одржување и користење на паркови и зеленило | 0,5 | 0,39 |
| Други комунални услуги | 1 | 0,79 |
| Изградба на јавно осветлување | 0 | 0,00 |
| Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 81 | 63,78 |
| Изградба на простори за паркирање | 0 | 0,00 |
| Изградба на сообраќајна сигнализација | 0 | 0,00 |
| Изградба на систем за водоснабдување | 12 | 9,45 |
| Изградба на систем за одведување, прочистување на отпадни води | 0 | 0,00 |
| Други комунални услуги | 0 | 0,00 |
| Паркови и зеленило | 8 | 6,30 |
| Урбана опрема | | 0,00 |
| Вкупно | 127 | 100,00 |




Во расходите за **заштита на животната средина**на општина Свети Николе преовладуваат расходите за набавка на опрема за управување со отпад, подигнување на нови зелени површини.

**Табела 14 Расходи по програми по надлежност - Заштита на животна средина**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Заштита на животна средина и природа | 17 | 81 |
| Капитални трошоци - Заштита на животна средина и природа | 4 | 19 |
| Вкупно | 21 | 100 |

**Графикон 14. Расходи по програми по надлежност – Заштита на животна средина (во милиони денари и структура во %)**




Во програмите за **локален економски развој** преовладуваат издатоци за проекти за подршка на Локалниот економски развој на општина Свети Николе во износ од 19 милиони денари.

**Табела 15. Расходи по програми по надлежност - Локален економски развој**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Подршка за ЛЕР | 4 | 80 |
| Изградба на комерцијални објекти | 0 | 0 |
| Проекти за енергетска ефикасност | 1 | 20 |
| Вкупно | 5 | 100 |

**Графикон 15. Расходи по програми по надлежност – Локален економски развој (во милиони денари)**




Во поглед на средствата кои се планираат за реализација на активности од **културата** истите може да се поделат на, активности поврзани со културни манифестации и творештво – 12% од вкупните расходи од оваа надлежности и за Музејска и кинотечна дејност кои треба да изнесуваат околу 21 милиони денари.

**Табела 16 Расходи по програми по надлежност - Култура**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Библиотекарство | 0 | 0 |
| Музејска и кинотечна дејност | 21 | 87,5 |
| Културни манифестации и творештво | 3 | 12,5 |
| Културни манифестации и творештво (Капитални трошоци) | 0 | 0 |
| Вкупно | 24 | 100 |

Графикон 16. Расходи по програми по надлежност – Култура (во %)




Расходите за **спорт и рекреација** во прв ред се издвојуваат средства за спортските клубови и финансиско потпомагање на талентирани спортисти и спортски настани во износ од 4 милиони денари. Во оваа надлежност се планирани и капитални инвестиции од Буџетот на Општина Свети Николе за изградба на соблекувални на Градски стадион во износ од 8 милиони кои средства се обезбедени од Министерство за спорт .

**Табела 17. Расходи по програми надлежност - Спорт и рекреација**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Спорт и рекреација | 4 | 33 |
| Спорт и рекреација (капитални трошоци) | 8 | 67 |
| Вкупно | 12 | 100 |

**Графикон 17. Расходи по програми по надлежост – Спорт и рекреација (во %)**




Во расходите за **основно образование** преовладуваат трошоците за основно образование кои достигнуваат вредност од 166 милиони денари, односно зафаќаат околу 69% од вкупните расходи по оваа надлежност. Расходите за средно образование се планирани на износ од 63 милиони днеари, односно околу 26% од вкупните расходи по оваа надлежност. Капиталните расходи во образованието се проектирани на 10 милиони денари во 2026 година.Капиталните расходи се однесуваат за партерно уредување на училишните дворови на ООУ Свети Кирил и Методиј и ООУ Гоце Делчев како и за санација на кров и фасада на СОУ Кочо Рацин. Средствата за капиталните инвестиции се обезбедени од Министерство за образование како и дел од буџетот на Општина Свети Николе.

**Табела 18. Расходи по програми по надлежност - Образование**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Основно образование | 166 | 69 |
| Средно образование | 63 | 26 |
| Образование (капитални расходи) | 10 | 4 |
| Вкупно | 239 | 100 |

**Графикон 15. Расходи по програми по надлежност – Образование** (во %).




Во расходите од надлежноста за социјална заштита, во 2026 година се проектирани околу 63 милиони денари, од кои околу 98% се наменети за Детските градинки, додека само 2% се наменети за капитални трошоци.

**Табела 19. Расходи по програми по надлежност - Социјална заштита**

| Column1 | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Детски градинки | 62 | 98 |
| Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) | 1 | 2 |
| Вкупно | 63 | 100 |

**Графикон 19. Расходи по програми по надлежност – Социјална заштита** (во %)




**Во расходите кои влегуваат во надлежноста за Противпожарна заштита тие се предвидува да изнесуваат околу 19 милиони денари во 2024 година.**

**Табела 20. Расходи по програми по надлежност - Противпожарна заштита**

| | Износ | Структура |
|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 20 | 100 |
| Капитални трошоци | 0 | 0 |
| Вкупно | 15 | 100 |

**Графикон 20. Расходи по програми по надлежност – Противпожарна заштита** (во милиони денари)




## ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ

**Во 2026 година приходите по глава на жител во општина Свети Николе ќе изнесуваат 33.943 денари, додека расходите по глава на жител се проектира да изнесуваат 33.943 денари.**

**Графикон 21. Приходи и Расходи на општина по глава на жител (во денари)**




## КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ?

Ралзацијата на **општинскиот буџет** е важен индикатор кој е поврзан со остварување на планираните приходи и расходи во изминатиот период. Исто така ја покажува **очекуваната реализација/трендот на реализаија на општинските буџети**.
Во продолжение е прикажана реализацијата на **основниот(сопствениот) буџет** на општината како и **вкупниот буџет на општината** и на страната на **приходите** и на страната на **расходите**.

Податоците покажуваат дека реализацијата на сопствените приходи во период 2022-2025 година забележува циклично движење.

Вкупните приходи на општина во 2025 година изнесувале 541.223.467 денари, односно се реализирале само 92% од планираниот износ. Во споредба со 2022 година, степенот на реализација во 2025 година се зголемил за 6% процентни поени.

**Графикон 22. Планирани и реализирани вкупни приходи за период 2022-2025 година (во денари и структура во %)**

| Приходна сметка | Основенбуџет | | | Вкупенприход | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Планиранизнос | Реализиран износ | Реализација во % | Планирани знос | Реализиран износ | Реализација во % |
| 2025 | 271.292.017 | 247.683.260 | 91 | 585.234.300 | 541.223.467 | 92 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024** | 205.587.869 | 165.621.721 | 81 | 489.378.469 | 436.611.610 | 89 |
| **2023** | 177.091.287 | 141.916.317 | 80 | 440.861.284 | 412.303.057 | 94 |
| **2022** | 167.471.156 | 135.858.348 | 81 | 454.407.538 | 391.662.090 | 86 |




**Во однос на приходите од основниот буџет на општина Свети Николе во 2025 година, истите се реализирале 91%, односно само 247.683.260 денари, што споредбено со 2022 година е за 10 проценти поени повеќе.**

**Графикон 23. Планирани и реализирани приходи од основниот буџет за период 2022-2025 година (во денари и структура во %)**




**Табела 24. Планирани и реализирани вкупни расходи и расходи од основниот буџет за период 2021-2024 година (во денари и структура во %)**

| Расходна сметка | Основенбуџет | | | Вкупен расход | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Планиран износ | Реализиран износ | Реализација во % | Планиран износ | Реализиран износ | Реализација во % |
| 2025 | 271.292.017 | 194.612.724 | 72 | 585.234.300 | 482.858.559 | 83 |
| 2024 | 205.587.869 | 171.386.707 | 83 | 489.378.469 | 441.078.432 | 90 |
| 2023 | 177.091.287 | 142.894.228 | 81 | 440.861.284 | 387.059.535 | 88 |
| 2022 | 167.471.156 | 135.506.106 | 81 | 454.407.538 | 391.309.848 | 86 |

**Графикон 24. Планирани и реализирани вкупни расходи  од основниот буџет за период 2022-2025 година (во денари и структура во %)**




Реализацијата на **вкупните расходи од основниот буџет на општина** Свети Николе во 2025 година достигнува 72%, што претставува намалување на расходите од 9 **процентни поени** во однос на 2022 година.

**Графикон 24. Планирани и реализирани вкупни расходи од вкупниот буџет за период 2021-2024 година (во денари и структура во %)**




Реализацијата на **вкупните расходи од вкупниот буџет на општина** Свети Николе во 2025 година достигнува 83%, што претставува намалување од 3% **процентни поени** во однос на 2022 година.

# КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ?

## Кои се клучни буџетски документи?

- **Буџетскиот календар** ги дефинира роковите за планирање на општинскиот буџет, каде што се опфатени сите **активности** поврзани со подготвување на буџетот, извршување на буџетот низ финансиските извештаи или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација.
- **Буџетскиот циркулар** ги содржи инструкциите за изработка предлог-буџет од страна на буџетските корисници и го доставува Министерството за финансии.
- **Предлог-буџетот** е подготвен од страна на градоначалникот (општинската администрација) во кој се планираат годишните приходи и годишните расходи и кој треба да биде одобрен од страна на советот на општината.
- **Предлогот на планот на програмите за развој** ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по одделни буџетски програми и потпрограми, годините во кои тие ќе се реализираат и изворите на финансирање, односно буџетите.
- **Буџетот**е акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината.
- **Месечните извештаи** ги содржат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходниот месец за коишто се однесува извештајниот период.
- **Кварталниот извештај К1** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходните три месеци за коишто се однесува извештајниот период, согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.
- **Кварталниот извештај К2** ги содржи податоците за сите неподмирени обврски, како и за неподмирените обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од претходниот квартал.
- **Кварталниот извештај К3** ги содржи податоците за задолжување и информациите за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и промените на состојбата на издадените гаранции и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините.
- **Полугодишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и за капиталните приходи и расходи за претходните шест месеци за коишто се однесува извештајниот период.
- **Годишниот извештај** ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за една година за кои се однесува извештајниот период.

Кои се клучните Буџетски принципи и начела  кои се основа на општинскиот буџет

За да биде успешно планирањето и извршувањето на Буџетот,треба да се заснова на следните **принципи**/треба да се почитуваат следните **принципи**:

1. **Принцип на фискална одговорност**–подразбира буџетот на општините да се планира и извршува согласно среднорочни фискални цели,базирани на реална проекција на макроекономските индикатори, преземени обврски и постојни законски обврски и јавните средства со кои се управува на начин со кој се обезбедува среднорочна и долгорочна фискална одржливост.
2. **Принцип на економичност, ефикасност и ефективност**–подразбира буџетот на општините да се планира и извршува на начин што ќе обезбеди ефективно и ефикасно користење на јавните средства за постигнување на поставените цели.
3. **Принцип на сеопфатност на буџетот**–подразбира дека сите приходи и други приливи и сите расходи и други одливи на сите буџетски корисници се внесуваат во буџетот на општините целосно, без никакви прилагодувања меѓу себе, освен за пренос помеѓу нив.
4. **Принцип на универзалност**–подразбира дека сите приходи и други приливи се користат за подмирување на сите расходи и други одливи на буџетот на општините.
5. **Принцип на специфичност**–подразбира буџетските корисници да можат да преземаат обврски и да вршат плаќања само за целите и во износи утврдени со буџетот, согласно буџетските класификации.
6. **Принцип на готовинска основа**–подразбира буџетите или финансиските планови на буџетските корисници да се подготвуваат и извршуваат на готовинска основа.
7. **Принцип на една година**–подразбира дека буџетот се носи за период од една година, која се совпаѓа со календарската година.
8. **Принцип на избалансиран буџет** (буџетска рамнотежа)– подразбира дека приходите и расходите во буџетот на државата и општините се избалансирани.
9. **Принцип на транспарентност**–подразбира дека буџетот на општините, извршувањето и буџетската документација ќе бидат објавени во „Службен весник“, односно во службено гласило и на веб-страницата на општините.
10. **Принцип на сигурно финансиско управување**–подразбира извршување на буџетот во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства.
11. **Принцип на родова еднаквост**–подразбира родово одговорно буџетирање, односно распределба на буџетот со цел да упати на специфичните потреби на жените и мажите, девојчињата и момчињата.

Постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетите на општините, како и известувањето за нивното извршување се засноваат врз следниве **начела**:

1. **Сеопфатност**, што подразбира прикажување на сите приходи и други приливи, расходи и други одливи.

2. **Буџетска рамнотежа**, што подразбира вкупните приходи и приливи да ги покриваат одобрените средства со буџетот.

3. **Специфичност**, што подразбира дека одобрените средства се наменуваат за посебни цели по раздели, програми, потпрограми и ставки.

4. **Економичност**,штоподразбира дека одобрените средства ќе се користат навремено, во соодветен износ, имајќи ги предвид квалитетот и цената.

5. **Ефикасност**, што подразбира најдобар сооднос меѓу употребените средства и постигнатите резултати.

6. **Ефективност**, што подразбира остварување на поставените цели и остварување на саканите резултати.

7. **Транспарентност**, што подразбира вклучување на граѓан(к)ите во сите фази на подготвување и извршување на буџетот.

8. **Сигурно финансиско управување**, што подразбира извршување на буџетот во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола, како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства.

**Општина Свети Николе**

**Градоначалник**

---

**Дејан Владев**